# Македонија – држава во криза

## Ерван Фуере

## Бр. 299, 13 септември 2013

### Клучни точки и препораки

Македонија е држава во длабока неволја. Клима на недоверба има меѓу сите политички партии; се зголемува нетолеранцијата на малцинските групи, а се генерира и страв со сеопфатната контрола на главната владејачка партија. Во 2009 година Европската комисија препорача да се утврди датум за отпочнување на пристапните преговори, но оттогаш напорите на државата за влез во ЕУ (и во НАТО) се блокирани.

Грција го спречи консензусот потребен во Советот на ЕУ одбивајќи да го признае уставното име на Македонија. Целта, пак, за пристапување во ЕУ (и во НАТО) е елементот што ја држи државата обединета. Единствениот начин да се спречи натамошното тонење на државата во нестабилност е отпочнување на пристапните преговори без натамошно одложување.

1. ЕУ во своите односи со владата треба да даде приоритет на потребата од постојан политички дијалог, а особено во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво.
2. ЕУ треба да инсистира владата да промовира политика на консензус и компромис со сите политички сили, со граѓанското општество и со медиумите.
3. ЕУ треба јасно да стави на знаење дека владините авторитарни политики нема да се толерираат.
4. ЕУ мора да се согласи пристапните преговори да почнат веднаш.
5. Владата мора да се обврзе на инклузивен приод во пристапните преговори, слично на словенечкиот модел.
6. Владата мора да се обврзе да ги прифати сите препораки на ОБСЕ, Советот на Европа и другите меѓународни препораки за изборниот процес и Изборниот законик.
7. Владата мора да се обврзе на реформиран однос со медиумите за да гарантира целосно почитување на нивната независност, прифаќајќи ги сите препораки на ОБСЕ, Советот на Европа како и препораките на сите меѓународни организации за медиуми.
8. ЕУ треба посистемски да соработува со ОБСЕ и Советот на Европа, особено кај медиумите бидејќи овие организации имаат експертиза што не и е достапна на ЕУ.
9. ЕУ треба да гарантира дека нејзината соработка со организациите на граѓанското општество ќе биде посистемска, инклузивна и ќе претставува интегрален дел од нејзината работа, како во седиштата, така и на терен.
10. ЕУ, заедно со САД, треба подиректно да се вклучат во процесот на медијација на ООН за прашањето за името, за да се дојде до компромисно решение, во прецизна временска рамка.
11. Државите-членки на ЕУ треба да посветат повеќе напори да ја убедат Грција да се вклучи во процесот на медијација на ООН, охрабрувајќи ја притоа македонската влада повеќе да ги почитува демократските стандарди.

Ерван Фуере е виш истражувач при ЦЕПС.

Документите на Центарот за студии за европски политики (ЦЕПС) се концизни анализи за тематски прашања за европските прашања. Ако не е поинаку наведено, изразените ставови се ставови само на авторот во лично својство, а не на институцијата со којашто е поврзан.

## Резиме

Македонија е држава во длабока неволја. Под превезот на нормална состојба лежи клима на длабока недоверба меѓу сите политички партии и меѓу главните етнички заедници. На почетокот на годината во главниот град се случија неколку инциденти на меѓуетничко насилство и тие се зголемуваат. Политичкиот дијалог меѓу партиите, таков каков што е, останува конфронтирачки.

Овие тензии се предизвикани во голема мера од климата на страв меѓу населението, генерирана од сеопфатната контрола на главната владејачка партија, која е на власт од јуни 2006 година. Контролата ги опфаќа не само главните државни органи, како судството и јавната администрација, туку и изборниот процес и медиумите пред сé.

Критикувањето на владата не се толерира; оние што ќе се осмелат да го кренат гласот се обележани како „државни непријатели“. Овде спаѓаат организациите на граѓанското општество кои играат важна улога во мониторингот на работата на владата во спроведувањето на многу потребните реформи.

Во меѓувреме, и покрај тоа што Европската комисија препорача (уште од 2009 година) да се утврди датум за почеток на пристапните преговори, напорите на државата за влез во ЕУ (и во НАТО) остануваат блокирани.

Грција го спречи консензусот потребен во Советот на ЕУ, одбивајќи да го признае уставното име на Македонија.

Оваа ситуација го отвора прашањето за посветеноста на Грција кон стабилноста на балканскиот регион десет години по солунскиот самит ЕУ – Западен Балкан, што претставуваше пресвртница во потврдувањето на перспективата за пристапување во ЕУ за државите од регионот.

Одложувањето беше како „вртење на водата на своја воденица“ за владината етнонационалистичка и популистичка агенда, и обезбеди пригоден предтекст за да спроведе бројни политики што не се конзистентни со целта на државата за пристапување во ЕУ. Тие, исто така, поттикнаа атмосфера на голема поделба во општеството – невидена во историјата на државата.

И покрај сé, целта за пристапување во ЕУ (и НАТО) е, сепак, елементот што ја држи државата обединета. Единствениот начин да се гарантира дека државата нема да продолжи да тоне во нестабилност е пристапните преговори да почнат без натамошно одложување. Тоа треба да биде услов за воспоставување на сеопфатен процес на преговори во кој ќе бидат вклучени владата, граѓанското општество, академската заедница, деловната заедница и медиумите.

## Преглед на состојбата

Македонија ја поднесе својата кандидатура за членство во ЕУ во март 2004 година. Таа беше првата држава од регионот на Балканот што во 2001 година ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација, процес воспоставен од ЕУ како прв чекор кон постепена интеграција во ЕУ. Таа година државата беше сведок на меѓуетнички вооружен конфликт, кој заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор во август 2001 година, договорен со посредство на ЕУ, САД, НАТО и ОБСЕ.

Врз основа на позитивното Мислење на Европската комисија за апликацијата на државата во декември 2005 година, Советот на ЕУ и додели кандидатски статус на Македонија. Во октомври 2009 година, ЕК препорача утврдување на датум за отворање на преговорите.

Советот на ЕУ сè уште ја нема прифатено оваа препорака.

Сегашниот премиер Никола Груевски, лидер на Внатрешната македонска революционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), беше избран на парламентарните избори во јули 2006 година. Тој беше реизбран на изборите во јуни 2008 година и повторно на изборите во 2011 година.

Од 2008 година негов коалиционен партнер е Али Ахмети, претставник на албанската заедница, лидер на Демократската унија за интеграција (ДУИ), партија што произлезе по конфликтот во 2001 година.

Според пописот во 2002 година, 25% од вкупното население од два милиона отпаѓа на етничката албанска заедница.

Главната опозициска партија, Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ) е предводена од Зоран Заев, градоначалник на Струмица.

## Општа политичка ситуација

Во Извештајот на Европската комисија за напредокот од 10 октомври 2012 година, се наведува дека *„во целина земено, продолжува функционирањето на Собранието и политичкиот дијалог.“*

На 24 декември, само два месеца подоцна, во Собранието еруптира насилство и присилно беа избркани од собраниската сала не само новинарите, туку и опозициските пратеници.

Тоа беа напори на опозицијата да го отстрани од нацрт-годишниот буџет она што го сметаше за непродуктивен расход (во голема мера поврзано со големиот и контроверзен урбанистички проект за обнова „Скопје 2014“) и ги поттикна овие настани. Пред да заврши комисиската расправа, владејачката партија наметна гласање за Буџетот на собраниска седница.

За многу набљудувачи, присилното бркање на опозициските партии од Собранието ја премина црвената линија. Загриженоста за недоволната владина посветеност за одржување на основните демократски стандарди што се очекуваат од секоја држава што има аспирации да влезе во ЕУ стана уште посериозна.

За жал, наместо обид да се поправи штетата, владата, и покрај отсуството на опозициските партии (кои го бојкотираа Собранието по нивното бркање), протурка промени на собранискиот Деловник и ја ограничи дебатата.

Необјаснива е слабата реакција на ЕУ на настаните од 24 декември. Помина дури и празнувањето на Божиќ, без сомнеж. Сето тоа создаде чувството на неказнивост на владејачката партија во следењето на својата бескомпромисна политика.

Соочени со опасноста опозициските партии да ги бојкотираат локалните избори во март, комесарот Штефан Фуле, придружуван од известувачот на Европскиот парламент г. Ховит и поранешниот претседател на ЕП г. Бузек (член на Европската народна партија, каде што ВМРО-ДПМНЕ има статус на набљудувач), на 1 март вложија напори за медијација кои траеја единаесет часа.

Договорот постигнат по часови напорни дискусии понуди привремен излез. Тоа овозможи опозицијата да стави крај на бојкотот и да учествува на локалните избори, а за возврат владата да се обврзе да формира анкетна комисија за настаните од 24 декември и да изготви документ постигнат со консензус со кој сите политички партии ќе ја реафирмираат нивната посветеност на целта за пристапување во ЕУ.

Беа потребни повеќе од три месеца за да се формира анкетната комисија со усогласен претседател, а нејзината прва средба се одржа во јуни. Еден месец подоцна, претседателот поднесе оставка

– фрустриран од одбивањето на двете страни да се согласат на заеднички заклучоци.

Со оглед на тоа што наближува следниот Извештај на Европската комисија за напредокот, Комисијата повторно заседаваше на 20 август во присуство на Премиерот и лидерот на опозицијата. На 26 август беше потпишан завршниот извештај од сите членови на Комисијата, и содржеше и правни толкувања за прекршувањето на Уставот со присилното бркање на опозициските пратеници и новинарите во декември, и 10 препораки за подобрување на собранискиот Деловник и за безбедноста во Собранието. Меѓутоа, по потпишувањето, членовите на Комисијата од редовите на ВМРО-ДПМНЕ ги отфрлија правните квалификации содржани во извештајот. Тоа отвора сериозни прашања за ефективното спроведување на извештајот на Комисијата.

Ваквиот развој на настаните е одраз на способноста да се најде заедничка политичка основа во критично време во историјата на државата. Тоа го поттикна комесарот Фуле во априлското интервју да ја стави под прашање „силата на демократските институции во земјата"– неговата најсилна јавна порака досега за ситуацијата.

Неуспехот на владата на Груевски да се вклучи во некаков значаен политички дијалог низ годините е континуирана слабост. За жал, Европската комисија во Извештајот за напредокот од 2012 година само патем упати на потребата да се подобри политичкиот дијалог. Сепак, во претходните години, на пример во Извештајот за напредокот од 2009 во кој беа вклучени препораки да се утврди датум за отворање на пристапните преговори, на потребата од политичкиот дијалог и беше дадена многу поголема важност и на неа секогаш се упатуваше како на клучен приоритет. Како што беше илустрирано со настаните од минатиот декември, недостигот на политички дијалог во политичкиот и во институционалниот систем останува проблем во државата.

**Оттука, од витално значење е Европската комисија во своите односи со владата и во тековниот Пристапен дијалог на високо ниво, да го утврди како приоритет прашањето на континуиран политички дијалог.**

Во политичкиот дискурс досега, во последниве осум години, доминира горчливото лично ривалство меѓу премиерот и поранешниот претседател и лидер на опозицијата, Бранко Црвенковски.

Црвенковски беше избран за претседател во 2004 година по несреќното загинување на тогашниот претседател, Борис Трајковски, на избори чиишто резултати ВМРО-ДПМНЕ никогаш не ги прифати и покрај убедливиот резултат.

За време на претседателскиот мандат на Црвенковски, Груевски никогаш не ја призна неговата функција како претседател и постојано го бојкотираше неговото годишно обраќање во Собранието. Во 2009 година, на крајот од неговиот петгодишен мандат, Црвенковски ја презема лидерската позиција во опозициската партија СДСМ и остана таму сé до јуни оваа година.

И покрај тоа што беше избран нов лидер, продолжува ривалството со владејачката партија, со употреба на истиот конфронтирачки тон кон опозицијата – недостојно за една зрела демократија.

Дури и ако опозицијата успее да се пресоздаде себеси како функционална опозициска партија, или дури и на следните избори да се појави нова независна партија, ослободена од поранешните лоши навики на државата и да претставува нова помодерна и демократска слика, шансите се силно

против. Сите главни државни органи, особено судството и јавната администрација, а да не го споменувам изборниот процес, се под контрола на сегашната влада. Истото се однесува и за медиумите (види подолу).

Да го цитирам извештајот на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори 2013 година: *„пристрасното медиумско покривање и нејасните државни и партиски активности не обезбедија исти услови за кандидатите*". Во извештајот се вели и дека: *„наводите за заплашување на гласачите продолжија за цело време на изборите и неколку случаи на очигледна злоупотреба на државни ресурси за потребите на кампањата. Ова предизвика загриженост за способноста на гласачите да го дадат својот глас без страв и одмазда*.“

Друг аспект што ја извалка политичката атмосфера е продлабочувањето на недовербата меѓу македонската и етничката албанска заедница. Иако поддршката за Охридскиот рамковен договор (ОРД) останува централен дел од официјалната владина политика (како и предуслов за пристапување во ЕУ) многу од политиките што ги спроведува партијата, како проектот Скопје 2014, се одраз на недостиг на сензитивност за мултиетничкиот карактер на државата. Наместо да се промовира политика на единство, однесувањето на владејачката партија го загрозува деликатниот баланс што досега ја држеше државата заедно.

Оваа конфронтирачка политичка атмосфера влијаеше и на односите во коалиционата влада меѓу ВМРО-ДПМНЕ и главната етничка албанска партија ДУИ, кои се во коалиција од изборите 2008 година. Произлезена од потребата - бројот на гласови во Собранието потребен за добивање двојно мнозинство што претставува обврска за законите во врска со уставните и меѓуетничките прашања, сегашната коалиција ги има сите обележја на „брак од интерес“ кој успева да ја одржи длабоката недоверба меѓу етничките заедници. Во исто време, постојаното одложување на почетокот на пристапните преговори и решавањето на спорот со името со Грција веројатно ќе ги зголемат тензиите во коалицијата, веќе длабоко тестирани од неколку етно-центрични политики на владејачката партија.

Сепак, не се веројатни промени во сегашната коалиција. Ако ги оставиме настрана лукративните деловни интереси на коалиционите партии, опцијата ДУИ да ја напушти коалицијата во оваа фаза би предизвикала предвремени избори. Во сегашната политичка клима и фаличен изборен процес, предвремените избори не би дале никаков резултат и натаму би ги одложиле многу потребните реформи.

Екстензивната кампања на градење цркви на владејачката партија ја провоцира етничката албанска (доминантно муслиманска) заедница да го прави истото со градењето џамии, а меѓуетничките тензии добиваат сé поголема верска конотација. Покрај тоа, владејачката партија не се двоумеше да ја употреби религијата за добивање гласови и да ја продолжи со својата социјално конзервативна агенда. На почетокот на годината, Собранието донесе нов и рестриктивен закон за абортус, со скромна јавна дебата или консултации со организациите на граѓанското општество. Тоа што беше донесен по итна постапка во Собранието, обично користена за многу други контроверзни закони во минатите години, кажува многу за ставот на владејачката парија за парламентарната демократија.

Во меѓувреме, и покрај повторените барања од Европската комисија, и по непријатната дебата, во 2010 година беше донесен Законот против дискриминација. Меѓутоа, сексуалната

ориентација беше исклучена како основа за дискриминација, со што законот е некомпатибилен со законодавството на ЕУ. Македонија е единствената држава на Балканот што го направи тоа. Според извештајот на македонскиот Хелсиншки комитет од 2012 година, а минатата година потврдено во Извештајот на ЕК за напредокот, работата на Комисијата за заштита од дискриминација, формирана да го надгледува спроведувањето на законот останува „*слаба и со недоволно ресурси*“, а државните институции не ги следат нејзините препораки.

Намерата на владејачката партија да го дефинира бракот како заедница меѓу мажот и жената преку измени во Уставот, сигурно ќе придонесе кон натамошни предрасуди и поделби во општеството.

Селективниот приод и двојните стандарди во примената на владеењето на правото, како и користењето на даночните инспекции за да се неутрализираат оние што се сметаат за политички опоненти, ја зголеми климата на страв, нетолеранција и агресија во општеството коешто беше познато токму по спротивното.

Во секоја згода, се изведуваат апсења во полн сјај на медиумите – кои однапред се информирани. Дури и ако на крајот се отфрлат обвинувањата, елементот на незаконско постапување останува во свеста на јавноста, а тоа и е намерата на владата цело време.

Во меѓувреме, Центарот за граѓански комуникации и Македонскиот центар за европско образование се две од многуте граѓански организации чијашто работа е предмет на сурови напади од страна на министрите на владејачката партија. Нивниот „грев“ е тоа што ги презентираат фактичките извештаи ставајќи ги под прашање владините реформи, особено за јавните набавки и злоупотребата на фондовите од ЕУ.

**Во овој поглед, ЕУ треба да биде посистемска во нудењето инклузивна поддршка за организациите на граѓанското општество, вклучувајќи ги и оние нападнати од власта, за да гарантира дека владата редовно ќе ги консултира сите организации на граѓанското општество без дискриминација.**

Атмосферата на страв и нетолеранција е поттикната и од медиумите поддржани од владата, со антиалбански и хомофобични реакции и со говор на омраза, невообичаен за популарни емисии.

Друга тема што предизвикува длабока одбивност во општеството во голема мера е злоупотребата на т.н. процес на лустрација од страна на владата. Воспоставен да ги идентификува оние за кои е докажано дека соработувале со разузнавачките служби за време на ерата на комунизмот, за да се исклучат од јавните функции, процесот се претвори во лов на вештерки против оние што ја критикуваат владата. Владата ги игнорираше повторените одлуки на Уставниот суд за законот за лустрација. Во националниот извештај за практиките на човековите права на Стејт департментот на САД од 2012 година, стои дека владата ја користи комисијата за лустрација „*како средство за напаѓање на политичките опоненти и на нелојалните поранешни соработници*“. Се изнесуваат во јавноста имиња дури и на починати лица. Еден од најпознатите македонски писатели, Славко Јаневски, основач на Македонската академија на науките и уметностите, кој починал во 2000 година, е еден чие име беше јавно објавено врз многу сомнителни основи, што уште повеќе го дискредитираше целиот процес.

**Од витална важност е владата да сфати дека контролирањето на сите главни извори на моќ и власт со себе носи зголемена одговорност да допре**

**до сите политички партии и до граѓанското општество во дух на компромис и консензус.**

**ЕУ, исто така, треба да биде поубедлива во своите пораки да ја предупреди владата за негативните последици на нејзините авторитарни политики.**

## Состојба со реформите

Извештајот на ЕК за напредокот од 2012 година смета дека ''*продолжува задоволителното исполнување на политичките критериуми*'', и ја повторува својата четврта последователна препорака за одредување датум за почеток на пристапните преговори.

Во исто време, иако дозволи донесување на последователни акциски планови, последниот извештај на ЕК дава незадоволителна слика и во поглед на квалитетот на реформите и за нивното спроведување. Се нагласуваат бројни критични реформски области во кои државата не само што заостанува, туку и се движи наназад.

На пример, се вели дека *„е постигнат мал напредок во однос на независноста и непристрасноста на судството“*. И покрај повторените ветувања изминатите четири години, владата сè уште не воспостави процес да ги инкорпорира сите дипломци од Академијата за судии и обвинители, финансирана од ЕУ, во судскиот систем, претпочитајќи ги нејзините кандидати. Преку многуте инстанци на политичко мешање во судскиот процес, со постојаните критики на владејачката партија кон Уставниот суд, нејзиното инсистирање судиите да се оценуваат според бројот на процесирани предмети, а не според квалитетот на нивната работа, се поставува прашањето дали е владата навистина заинтересирана да гарантира независност и непристрасност на судството; поента нагласена во Извештајот на ЕК за напредокот.

Според истиот Извештај, корупцијата *„останува вообичаена во многу области и продолжува да биде сериозен проблем“*. Една од нив се однесува на јавните набавки, мошне лукративен пазар со владините интензивни програми за капитални инвестиции поврзани со Скопје 2014. Извештајот на Стејт департментот на САД од 2012 година споменат погоре, наведува дека владата го игнорира правото на јавен пристап до информации *„особено во поглед на пристапот на граѓаните до јавните набавки и финансиското работење на владата“*.

Во меѓувреме, владејачката партија продолжува да ги става под прашање овие наоди и го пренасочува вниманието со прашањето за името, како тоа да е единствениот проблем со кој се соочува државата.

**Единствениот начин да се гарантираат вистински реформи што ќе донесат придобивки за државата наместо декларативни изјави или носење закони без спроведени активности, е пристапните преговори да почнат веднаш.**

Мошне инвазивната природа на пристапниот процес, со својата детална и интензивна техничка интеракција меѓу ЕУ-институциите и националните тела, како и деталната контрола на секоја област, предмет на проверка во државата што пристапува, е најдобриот начин да се гарантира дека реформскиот процес останува на вистинскиот пат.

**Сепак, за да се успее, од суштинска важност ќе биде инклузивноста на процесот, т.е. да се гарантира дека преговарачкиот процес од македонска страна ќе ја вклучи не само владата, туку и граѓанското општество, академската заедница, деловната заедница и медиумите. Ваквиот**

**инкузивен процес гарантира поголема доверба кај граѓаните дека нивните заштитници го заслужуваат вложениот напор. Словенечкото искуство од процесот на пристапување е значаен пример што многу пати и е претставен на владата, но за жал без конкретни акции што би следувале.**

## Прашањето за името

Кога во 1991 година Македонија стана независна. Грција, во постапка повеќе реминисцентна на балканското минато што сите се надеваа дека е заборавена, лансираше кампања против државата поради името, наметнувајќи економски бојкот што и предизвика многу штета на македонската ранлива економија. Во септември 1995 година двете страни ја потпишаа Времената спогодба договорена во ООН, со која Грција го тргна ембаргото и ја призна Македонија под нејзиното привремено име „поранешна југословенска Република Македонија", а за возврат Македонија се согласи да го промени своето знаме и го реафирмираше ставот дека ништо во нејзиниот устав не би можело да се толкува како поставување какво било барање за грчка територија. Во Спогодбата е вклучена обврска за Грција дека нема да го блокира членството на Македонија во ниту една регионална или меѓународна организација под нејзиното привремено име. Беше воспоставен процес на медијација со нов мандатор Метју Нимиц, кој и денес ја има истата улога (со трпение на архангел!).

И покрај оваа обврска, на НАТО Самитот во Букурешт 2008 година и потоа на Советот на ЕУ во декември 2009 година, Грција одби да се придружи на консензусот потребен за процесот на пристапување на Македонија. Случајот што Македонија успешно го изнесе пред Меѓународниот суд на правдата, наведувајќи дека Грција ја прекршила Времената спогодба од 1995 година, и донесе морална победа на Македонија, но, за жал, ништо не направи за да ја промени грчката позиција.

Што ја мотивира Грција одлучно да продолжи со оваа неевропска политика, која исто така ја вклучува Бугарија, но во помала мера?

Тоа е многу поврзана со природата на политиката на Балканот, регион за кој често се вели дека има произведено повеќе историја отколку што може да ја апсорбира. Конфликтните соништа и толкувања на минатото на Балканот, заедно со соседите на Македонија кои полагаат право на минати херои, дали е тоа Александар Велики (за кого Грците тврдат дека е дел од хеленистичкото наследство) или е Гоце Делчев, овековечен како македонски херој во националната химна, а за кој Бугарите тврдат дека дел од нивното наследство, придонесоа за моќна комбинација на национализам и ранета гордост. Грција, исто така, напорно работи во континуитет со слаби влади, без волја да се тргне од ограничените политики.

Трагедијата на оваа безизлезна ситуација е дека не само што ги одложува изгледите на Македонија за пристапување во ЕУ, туку и ја засилува длабоко вкоренетата националистичка агенда и авторитарно владеење на владејачката партија која е претставена како единствен бранител на идентитетот и достоинството на Македонија.

Прашањето за идентитетот е емотивно прашање и во најдобри времиња; уште повеќе за држава како Македонија која има соседи што полагаат барања на нејзиниот јазик и нејзината историја, или одбиваат да ја признаат автокефалноста на Македонската православна црква (како што е тоа случај денес и со српската и со грчката православна црква).

Меѓутоа, во промовирањето на политика на етноцентризам, која направи толку

многу штета на Балканот за време на ерата на Милошевиќ, главната владејачка партија започна со контроверзна политика на давање на граѓаните лажно чувство на идентитет, разгорувајќи опасни текови што го вознемируваат деликатниот меѓу-етнички соживот.

Почнувајќи со преименувањето на аеродромот во „Александар Велики" во 2007 година, многу пред Самитот на НАТО во Букурешт, владата продолжи со преименување на главниот автопат Север-Југ во „Александар Македонски", губејќи 50 милиони евра во процесот за европскиот транспортен коридор, од којшто автопатот е дел. Потоа, во 2010 година следуваше официјалниот почеток на најголемиот проект на градење споменици и статуи на целиот балкански регион. Три години подоцна, главниот град на Македонија изобилува со статуи што го глорифицираат Александар Велики, како и неговите татко (Филип II) и мајка (Олимпија). Проектот опфаќа триумфална капија, музеи, лавови, фонтани и безброј статуи (фасадата на новото Министерство за надворешни работи е декорирана со повеќе од 30 статуи).

Сé до април владата одбиваше да открие какви било детали за трошоците. Во својот прв извештај за ова прашање, на почетокот на април, кажа дека веќе се потрошени 208 милиона евра, вклучувајќи ги и 10,5 милиона само за статуата на Александар Велики. Меѓутоа, повеќето пресметки сугерираат дека расходите за Скопје 2014 надминуваат половина милијарда евра.

За држава со стапка на невработеност од над 30%, и една од највисоките стапки на невработеност кај младите во светот, и во која повеќе од 30% од населението живее под прагот на сиромаштијата (Редовен економски извештај за Југоисточна Европа, Светска банка, јуни 2013), за многумина трошоците за овој огромен градежен проект се екстраваганција што државата не може да си го дозволи. Она што многу ги налути жителите на главниот град е отсуството на сеопфатни консултации со јавноста, што би била вообичаена постапка во секоја една западноевропска држава.

Влијнието на овој проект врз прашањето за името и врз односите и со Грција и со Бугарија можеше да се предвиди: двете држави, а особено Грција, ги смета овие постапки не само за навредливо присвојување на нејзината историја, туку и за непотребна провокација. Да ја цитирам непристојната фраза на *Economist* во еден напис, известувајќи за издигнувањето на 25-метарската статуа на Александар Велики на градскиот плоштад во 2011 година „*Владата сега ќе го издигне она што е еквивалент на циновски среден прст од бронза наменет за Грција*" (*Economist*, 26 јули 2011 година). Воопшто не зачудува што односите меѓу Македонија и Грција не биле никогаш толку затегнати во овие 22 години на независност на Македонија.

Направени се најразлични обиди за надминување на безизлезната ситуација, при што ЕУ и САД охрабруваат обновување на моментумот во рамките на постоечкиот процес на медијација во ООН. За жал, искрата надеж за некаков напредок што се појави во времето на премиерот Јоргос Папандреу (2009-2011) одамна ја нема, а сегашната влада на премиерот Самарас не покажува никаква наклонетост за да се вклучи во решавањето на спорот.

Со Бугарија, иако сé уште има тензии, во најмала рака се одвива еден вид на дијалог, а кон крајот на јуни се сретнаа и двајцата премиери.

Во јануари 2014 година, Грција го презема Претседателството со ЕУ и ЕУ треба да инсистира Грција да ја искористи таа можност и еднаш засекогаш да го реши спорот, пред да

излезе од контрола. Слично и државите-членки, некои од нив одма го фалат Груевски за реформите во државата и така даваат лажна надеж, па дури и легитимитет на авторитарните политики на владата. Тие треба да ја фокусираат својата енергија и да ја убедат Грција да дозволи почеток на преговорите.

Нема сомнеж дека е потребна комбинација на меката моќ на ЕУ, заедно со тежината на авторитетот на САД на Балканот, за да се има најголемо влијание врз процесот на медијација на ООН. Искуството од конфликтот во 2001 година и Охридскиот рамковен договор, како и преговорите за обележување на границата меѓу Македонија и Косово во 2009 година, кога ЕУ и САД заедно играа одлучувачка улога, покажува дека тандемот ЕУ/САД е најефективниот начин за постигнување на успешен исход.

Во меѓувреме, и Премиерот и Претседателот Иванов продолжуваат да инсистираат дека државата сака да се изнајде компромис што ќе ги почитува идентитетот и достоинството на Македонија. Премиерот, исто така, повтори дека без оглед на компромисот што ќе се постигне, граѓаните ќе одлучат на референдум.

Но, владата не направи ништо во меѓувреме да го подготви јавното мислење за можен договор. Токму спротивното, Груевски активно ја спречува секоја дискусија во Собранието или во јавноста. Тој дури и ги искритикува оние што се обидоа да генерираат таква дебата како „предавници". Поттикнувањето на отворена дебата во државата ќе претставува значаен аспект за да се гарантира јавно прифаќање на компромисно решение. Тоа ќе биде единствениот начин да се увери населението дека преговорите се однесуваат само на името на државата, како што рече самиот медијатор на ООН, а не навлегуваат во идентитетот или во јазикот, на пример.

Иронично, Премиерот е веројатно единствениот политичар во моментов во Македонија кој би можел, ако тој треба да избира, да го најде излезот „Кон излезот...." (да го употребам насловот на неговата магистерска теза објавена во 2008 година) во постигнувањето компромис со Грција и носејќи го населението со себе.

Прашањето е: дали ќе го направи тој чекор заедно со Грција? Дали ќе ги здружат силите со премиерот Самарас и ќе го следат примерот на Александар Велики, што секој го почитува за свој, и заедно да го пресечат „Гордиевиот јазол"?

**Нема сомнение дека единствениот начин за излез од сегашниот ќор-сокак е ЕУ заедно со САД директно да се вклучат со грчката и македонската влада да го надополнат процесот на медијација на ООН.**

**За да се даде шанса за финален договор, ќе треба да се наметне временска рамка за преговарачкиот процес, слично како што се случи во мировниот процес во Северна Ирска.**

## Контрола врз медиумите

*„Ве поканувам да поминете една недела во државата и да гледате телевизија, за да можете лично да посведочите за слободата што ја уживаат медиумите."*

Со оваа изјава, јавно дадена пред Претседателот на Европската комисија Баросо, за време на неговата посета во 2011 година, Груевски категорично отфрли секаква критика врз неговата влада за контрола врз медиумите. Во времето кога беше дадена изјавата, индексот за слобода на медиумите за државата драстично падна. Најпопуларната ТВ станица, А1, позната по својот независен став, критичен кон

власта, присилно беше исклучена, средствата на компанијата без замрзнати од страна на Управата за јавни приходи поради наводно неплаќање на данок, а нејзините сопственици беа затворени. Неколку весници, познати по своите ставови независни од владата, исто така, беа принудно затворени.

Оттогаш ситуацијата се влоши уште повеќе. Според последниот индекс за слободата на светските медиуми, објавен во јануари од страна на *Репортери без граници*, Македонија е рангирана на 116-то место од 179 земји, пад од 22 места од 2012, и повеќе од 80 места од 2009, кога беше рангирана на 34-то место. (Споредливите цифри за Србија се 65-то место во 2009 и 63-то место во 2013).

Извештајот упатува на падот како на последица на произволното одземање на лиценците на медиумите, влошување на средината за новинарите, судско малтретирање врз основа на често неадекватно законодавство, недостиг на пристап до јавни податоци, физичко и психичко насилство врз вработените во новинскиот сектор, како и користење на официјалното и приватното рекламирање како алатка".

Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР за овогодишните локални избори утврдува дека „*со затворање на два радиодифузера и на бројни печатени медиуми од минатите избори, значително се намалува бројот на медиуми критични кон владата. Покрај тоа, владата е најголемиот огласувач во државата*". Се цитира мерењето на гледаноста на *AGB Nielsen*, кое пресметува дека само во 2012 година државните тела потрошиле 25 милиони евра за рекламирање во медиумите, на тој начин давајќи и на владата неспоредлива контрола врз медиумите.

Известувачот на ООН за слобода на говорот, кој ја посети државата во јуни, упати на „*атмосфера на закана кон секаков вид на критички печат што поставува прашања, истражува или ја критикува владата*". Тој продолжи, нагласувајќи дека „*медиумите треба да работат во средина без закани и страв*".

Во една анализа на медиумите објавена по повод конференцијата на ЕК во јуни 2013 година за ситуацијата со медиумите во државите-кандидатки, *The Balkan Insight (BIRN)* изнесе дека во Македонија има мешање и дека „се затвораат медиуми", професионални новинари со долгогодишно искуство се спречени да работат, а купот тужби против новинарите расте сé повеќе".

Апсењето на македонскиот новинар на 29-ти мај поради напис објавен во 2008 година, каде тој го објавува името на заштитен сведок во случај на убиство, само придонесе кон атмосферата на заплашување. Континуираниот притвор од три месеци во кој се наоѓа тој, е предмет на широка осуда од страна на сите меѓународни медиумски организации, како и од претставникот на ОБСЕ за слободата на медиумите кој изјави: „*неприфатливо е новинар да е затворен поради неговото известување.*" Овој случај ја нагласува постојаната практика на злоупотреба на превентивниот притвор од страна на владата, а времето на неговото притворање предизвика загриженост поради политичкото мешање. Тоа се случи само три дена откако тој објави напис упатувајќи на сомнителни околности околу смртта на почитуван новинар, познат по своите независни погледи, во сообраќајна несреќа, кон крајот на март.

Во 2012 година беше донесен законот со кој се декриминализира клеветата и истиот беше поздравен од ЕК. Меѓутоа, за повеќето новинари и медиуми во државата тоа повеќе беше козметички гест, кој не прави многу за подобрување на целокупната атмосфера и за ставот на владејачката партија за независноста на медиумите.

Последниот развој на настаните се однесува на предлог-законодавството со кое треба да се формира регулаторна агенција за печатени, он-лајн и аудио-визуелни медиуми. За многу независни набљудувачи ова ќе биде поинаков облик на контрола во рацете на владата. Владата тврди дека тоа е мерка промовирана од ЕК, тврдење што ЕК го оспори. Експертите на ОБСЕ и на Советот на Европа дадоа сугестии кои треба да бидат целосно инкорпорирани во нацрт-законот што е во Собрание сега.

Стравот е дека, како и во други случаи, владата ќе го протурка нацртот пред да бидат инкорпорирани сите коментари или пред да завршат консултациите, но на време за да биде спомнат во есенскиот Извештај на ЕК за напредокот, што треба да се објави на 16 октомври.

Истиот медиумски аналитичар на *Balkan Insight -BIRN* споменат погоре го посочи општото разочарување на новинарите во Македонија во врска со слабата позиција на ЕУ за ситуацијата со медиумите. Еден од новинарите присутни на конференцијата на ЕК, претставник на Македонскиот центар за развој на медиуми рече *„новинарите станаа жртви на политичките игри што ги играат Брисел и македонската влада*".

Точно е дека *acquis* на ЕУ во оваа област се ограничени. Но, поради природата на политиката на Балканот, со политичкото мешање и корупцијата што постои на највисоко ниво, има доволно аргументи да се оправда преземањето на многу попроактивна улога од страна на ЕУ. Тоа треба да биде во согласност со сугестиите на Европскиот центар за политики, издадени во Документот од ноември 2011 година, според кој ЕУ треба да развие *„поинтензивна стратегија за помош во борбата за слобода на медиумите, насочена кон елементот на корупција, спроведување на законската рамка, потребата за зајакнување на демократската култура*'', како и да „ги едуцира и финансиски да ги поддржува надежните новинари и истражувачкото новинарство.

Различни пораки доаѓаат од ЕК, ОБСЕ итн., и поради тоа од витално значење е ЕК да заземе подиректен пристап за мониторинг на ситуацијата на терен. Својот приод треба да го координира со ОБСЕ; Советот на Европа и Меѓународната федерација на новинари како и со другите организации што ги следат медиумите, за да се гарантира унифициран приод vis-a-vis ситуацијата со медиумите во Македонија, за да се избегне владата да се обиде да ги сврти едни против други.

## Заклучок

Сé до 2005 година кога доби кандидатски статус, Македонија се сметаше за успешна приказна, движејќи се напред и правејќи ги сите чекори потребни за нејзината цел - интегрирање во ЕУ. Денес, таа е на дното на листата на држави-аспиранти за членство. Последниот Европски совет во јуни дури не ја ни споменува државата во своите заклучоци за развојот на настаните во балканските држави.

И покрај владината аргументација, не сета вина за лошата ситуација во која се наоѓа државата може да се лоцира во спорот со името со Грција. Постојат сериозни и длабоко вкоренети проблеми инхерентни на владеењето во државата и на авторитарните методи на власта. Нивното влијание врз општеството и врз меѓуетничките односи не треба да се потцени. Колку подолго продолжи оваа ситуација, се создава поголема опасност за стабилноста на државата.

Поради тоа, потребни се итни мерки, како на внатрешен план, така и на надворешен план.